Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19 и 1/21), по барање на **Сектор за планирање и уредување на просторот - Скопје**, за интервенција врз зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: пресадување на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 10 (десет) дрва (јавори) и кастрење на 10 (десет) дрва (8 јавори, багрем и кисело дрво), што се наоѓаат **на ул. "Митрополит Теодосиј Гологанов" од бул. "Св. Климент Охридски" до кружен тек кај Католичка црква – Скопје.**
2.Пресадувањето и кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП Паркови и зеленило, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Пресадувањето и кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Презасадувањето треба да биде на територија на Општина Центар.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Сектор за планирање и уредување на просторот - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **13-сл** од **09.02.2023** година, за отстранување и кастрење на дрвата што се наоѓаат **на ул. "Митрополит Теодосиј Гологанов" од бул. "Св. Климент Охридски" до кружен тек кај Католичка црква – Скопје.**
Службеникот од Град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација на ден 14**.02.2023** година. При тоа е утврдено дека дрвата предмет на барањето, се јавно зеленило и дека се наоѓаат на трасата за изградба, реконструкција и одржување на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов од раскрсница со бул. Св. Климент Охридски до кружен тек со раскрсница на ул. М.Т.Гологанов и ул. Св. Кирил и Методиј , како што е наведено во Правосилно Одобрение за градба Бр. 27-373/2021 од 14.03.2022 год. издадено од Општина Центар. Истите пречат за поставување кабли за инсталации како и изведба на водоводна мрежа, а и поради итноста на завршување на објектот. Исто така треба да се изврши и кастрење на дрвата , заради уредување на крошните и давање естетска форма.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, . Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение. Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и дека барателот располага со правосилно одобрение за градба. Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот за урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги

врши своите функции, овој орган има одлучено да се врши пресадување на зеленилото (корнење и повторно садење ) од страна на ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје и да се изврши кастрење на зеленило заради непречено извршување на градежните работи.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број 14-**13-сл/2**
**15.02.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП Паркови и зеленило и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

контролирал:

**Раководител на Одд.**
**Емил Дуровиќ**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи

**Зоран Лапевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT *REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - СКОПЈЕ
PARQE DHE GJELBËRIME - SHKUP

| Примено Pranuar | 17 02 23 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njës. org. | Број Numër | Прилог Shtojca: | Вредност Vlera: |
| 08-5 | 21 | | |

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , а во врска со барањето на Секторот за планирање и уредување на просторот при град Скопје Градоначалникот на Град Скопје донесе:

РЕШЕНИЕ

1.Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.**14-**13-сл/2. од 15.02. 2023 година донесено од Градоначалникот на град Скопје.
**2**.Решението бр. 14-13-сл/2 од 15.02. 2023 година донесено од Градоначалникот на град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Постапувајќи по барањето на Секторот за планирање и уредување на просторот при град Скопје овој орган има донесено решение со кое се дозволува пресадување на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 10 (десет) дрва (јавори) и кастрење на 10 (десет) дрва (8 јавори, багрем и кисело дрво), што се наоѓаат на ул. "Митрополит Теодосиј Гологанов" од бул. "Св. Климент Охридски" до кружен тек кај Католичка црква – Скопје.

Во барањето е наведено дека постои потреба од итна интервенција врз предметното зеленило, бидејќи градежните работи се во тек и во моментот значително е отежнат сообраќајот на наведената локација.

Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.

Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.

Овој орган како неспорно има утврдено дека со реализација на решението значително ќе се овозможи убрзување на градежните работи на улицата, наведена во решението, а со самото тоа ќе се овозможи непречено одвивање на сообраќајот, за што постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-13-сл/3**
**15.02.2023** година
Скопје
**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

Изготвил
**Марија Стојановска**

Контролирал
Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

По овластување на Градоначалник
Раководител на Сектор
за комунални работи

**Зоран Лапевски**